# ПРЕДЛОГ ЗАКОН ЗА ПОТТИКНУВАЊЕ НА ИСТРАЖУВАЊЕ, РАЗВОЈ И ИНОВАЦИИ КАЈ МАЛИТЕ И СРЕДНИ ПРЕТПРИЈАТИЈА ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

## I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

### Предмет на законот

### Член 1

Со овој закон се уредуваат поттикнувањето на истражувањето, развојот и иновациите кај малите и средни претпријатија, условите, времетраењето, начинот и постапката за доделување на финансиска помош на мали и средни претпријатија од Република Македонија, за истражување, развој и иновации и видовите на проекти кои ќе се финансираат согласно овој закон.

Овој закон претставува шема на помош согласно со прописите за државна помош.

### Цел на законот

### Член 2

Целта на овој закон е забрзување на економскиот развој преку финансиска поддршка на малите и средни претпријатија за поттикнување на истражување, развој и иновации во насока на зголемување на нивната конкурентност на домашните и странските пазари.

### Јавен интерес

### Член 3

Поддршката на малите и средни претпријатија во насока на зголемување на нивната конкурентност и нивен развој, врз основа на транспарентни и еднакви основи претставува јавен интерес.

## II. ПРОГРАМИРАЊЕ НА ДЕЈНОСТА

### Програма за поттикнување на истражување, развој и иновации кај мали и средни претпријатија

### Член 4

Поттикнување на истражување, развој и иновации кај мали и средни претпријатија се остварува врз основа на проектите кои се кофинансираат согласно програмата за

поттикнување на истражување, развој и иновации кај мали и средни претпријатија (во натамошниот текст: програма)

Со програмата се утврдуваат буџетот, насоките на развој на политиките и активностите во истражување, развој и иновации кај мали и средни претпријатија.
Програмата на предлог на Министерот за економија ја донесува Владата на Република Македонија (во натамошниот текст: Владата) за период од три години.

Член 5

Одделни изрази употребени во овој закон го имаат следното значење:

Иновативни производи се нови или подобрени производи, кои вклучуваат добра и услуги и се нудат на пазарот или ги употребуваат претпријатијата, и кои се различни од другите производи кои се нови и ги користат претпријатијата по тоа што се истовремено нови и на пазарот во целина.

Иновативни процеси се значителни измени во начинот на кои добрата/услугите се произведени/обезбедени, кои се различни во однос на останатите процеси кои се нови за претпријатијата по тоа што се истовремено нови и на пазарот во целина.

-„основно истражување" е експериментална или теоретска работа со цел стекнување на ново знаење за нагласените основи на појави/феномени и постоечки факти, без директна практична примена или употреба;

-„индустриско истражување" е планирано истражување или критичко истражување со цел стекнување на нови знаења и вештини за развој на нови производи, производствени процеси и услуги или за подобрување на постојните производи, производствени процеси и услуги. Ова подразбира создавање на компоненти како дел од комплексни системи, неопходни за индустриско истражување, особено за генерички технолошка валидност, со исклучок на прототипи.

-„експериментален развој" е стекнување, комбинирање, измена и употреба на постоечките научни, технолошки, деловни и други релевантни знаења и вештини со цел подготовка на план и подготовка или дизајнирање на нови, изменети или подобрени производи, процеси или услуги. Ова вклучува и други активности кои се однесуваат на експериментален развој, планирање и документација на нови производи, процеси и услуги. Активностите можат да се состојат од правење нацрти, цртежи, планови и друга документација, под услов да не се наменети за комерцијална употреба. Исто така, вклучени се и развој на комерцијално употребливи прототипови и пилот проекти каде што прототипот е краен комерцијален производ и каде што е прескапо истиот да се произведува само заради демонстрација и валидност. Во случај на подоцнежна демонстрација или пилот проекти, секоја добивка произлезена од таквата употреба мора да биде одземена од оправданите трошоци.
Експерименталното производство и тестирање на производите, процесите и услугите се исто така оправдани, под услов да не можат да се користат или да бидат трансформирани за индустриска или комерцијална примена. Експерименталниот развој не ја вклучува рутината или периодичните измени на производите, производствените линии, процесите на производство, постоечките услуги и другите развојни процеси, дури и ако таквите промени можат да доведат до подобрување.

-„иновативна постапка" е имплементација на ново или значително подобрено производство или метод на достава (вклучувајќи значителни технички промени, промени на опрема и/или софтвер). Помали или рутински промени или подобрувања не се сметаат за иновации.

-„организациска иновација“ е имплементација на нов организациски метод во бизнис практиката на претпријатијата, организација на работното место или надворешни односи. Помали или рутински промени или подобрувања не се сметаат за иновации.

-„иновативни кластери“ се групирање на независни претпријатија кои дејствуваат во одреден сектор и регион, создадени да стимулираат иновативна активност преку промовирање на интензивни интеракции, заедничко користење на објекти и размена на знаења и експертиза како и преку ефективно придонесување кон трансфер на технологија, размена на мрежи и информации помеѓу претпријатијата во групата.

## УСЛОВИ И КРИТЕРИУМИ ЗА ПОТТИКНУВАЊЕ НА ИСТРАЖУВАЊЕ, РАЗВОЈ И ИНОВАЦИИ КАЈ МАЛИТЕ И СРЕДНИТЕ ПРЕТПРИЈАТИЈА

### Член 6

Корисниците на ова шема на помош микро, мали и средни претпријатија треба да ги исполнуваат следните услови:

- претпријатието да е регистрирано според Законот за трговски друштва;
- претпријатието да ја обавува својата дејност во Република Македонија;
- претпријатието да не е во стечајна постапка или ликвидација;
- претпријатието да има најмалку три редовно вработени лица;
- претпријатието да спаѓа во групата на микро, мали и средни претпријатија;
- корисникот на шемата не треба да е корисник на други средства од буџетот на Република Македонија и од буџетите на единиците на локалната самоуправа и
- претпријатието да даде изјава за обезбедување на дополнителни сопствени средства за затварање на финасиската конструкција на проектот наведен во апликацијата.

### Член 7

За здобивање со финансиска поддршка покрај исполнување на условите утврдени во член 6 од овој закон, малите и средните претпријатија треба да бидат оценети согласно следните критериуми:

1) Потреба на пазарот:
   - Иновацијата, истражувањето треба да задоволува/ потреба на пазарот.
2) Ниво/степен на придобивки:
   - Во обезбедување на материјални придобивки за индустријата и другите крајни корисници;
   - Потенцијалот за привлекување на дополнителни инвестиции во таа област;
   - Економски придобивки;
   - Социјални придобивки и

- Придобивки на квалитетот на животната средина.

3) Способност за реализација:
   - Издржан проект за искористување на средствата во правец на реализирање на идејата/иновацијата/истражувањето.
4) Капацитет:
   - Вработени со соодветни квалификации, вештини и искуства.
5) Соработка:
   - Заедничка идеја на повеќе претпријатија;
   - Соработка помеѓу иноватор и претпријатие и
   - Соработка помеѓу истражувачки центри и претпријатија.
6) Конкурентна предност:
   - Помала цена на производот/услугата од конкурентите;
   - Подобри карактеристики на производот/услугата од конкурентите и
   - Единствено во Република Македонија .
7) Одржливост:

Издржан план за понатамошна одржливост на иновацијата.

Комисија за поттикнување на истражување, развој и иновации

Член 8

Владата на Република Македонија на предлог од Министерот за економија ја формира Комисијата за поттикнување на истражување, развој и иновации составен од седум членови преставници на владата и академскиот сектор.

Претседателот на Комисијата е членот од Министерството за економија.

Претседателот и членовите на Комисијата се избираат за период од две години.

Комисијата за поттикнување на истражување, развој и иновации донесува деловник за работа.

Стручните и административните работи на Комисијата за технолошки развој ги врши Министерството за економија.

АПЛИЦИРАЊЕ, СЕЛЕКЦИЈА И ИЗБОР

Член 9

Потенцијалните корисници на финасиската поддршка пополнуваат образец - барање кое содржи задолжителни податоци за условите и критериумите од член 6 и 7 од овој закон, како и изјава со која ја потврдува веродостојноста на наведените податоци.

Формата и содржината на барањето од став 1 на овој член го пропишува Министерот за економија.

Барањата од став 1 на овој член се доставуваат до писарницата на Минстерството за економија

Комисијата проверува дали се исполнети условите наведени во барањето и оние барања кои ги исполнуваат условите, ги евалуира согласно критериумите.

Член 10

За евалуација на барањата за финансиска поддршка од став 1 на овој член, на предлог на Министерот за економија, Владата на Република Македонија формира комисија за поттикнување на истражување, развој и иновации.

Комисијата од став 1 на овој член евалуацијата на барањата ќе ја врши согласно Методологија за оценка на исполнетоста на критериумите за добивање на ваучери за иновација.

Формата и содржината на методологијата ја пропишува Министерот за економија.

Комисијата од став 1 на овој член при оценка на критериумите може да побара совети од стручни лица /експерти во полето на предметот на барањето.

На одлуката на комисијата, барателот може да поднесе жалба во рок од 15 дена до Државна комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен.

Член 11

Кофинансирање на трошоците за реализацијата на проектите ги врши Министерството за економија.
Субјектот во рокот определен во јавниот повик аплицира со пријава со прилог проект.
Секој проект треба да има елаборат и деловен план

Проектниот елаборат ги содржи особено следниве елементи:

- наслов на проектот,
- содржина и образложение на постапка или процес,
- предност на новото/предложеното решение во однос на постојното,
- степен на иновативност на проектот,
- проценка за економската ефикасност како резултат на реализацијата на проектот,
- процена за можни технички проблеми во тек на реализацијата на проектот,
- материјално-технички услови за реализација на проектот,
- листа на учесници во истражувањето (тим за реализација на проектот)
- финансиска пресметка со спецификација на предвидените трошоци за реализација на проектот и
- време потребно за реализација на проектот.

Деловниот план ги содржи особено следните елементи:

- извршно резиме,
- опис на идејата,
- управување и раководење,
- визија, мисија и цели на субјектот на истражување, развој и иновации
- производи и услуги,
- анализа на пазарот и конкуренцијата,
- пазарна стратегија
- пазарни анализи,
- маркетинг план,
- фактори на успех и ризици и

- финансиски план (потребни инвестиции, распоред на инвестициите,
- план на приходи,
- план на трошоци, точка на рентабилноста, готовински тек, биланс на успех и биланс на состојба).

Член 12

Програмата е наменета  за малите и средни претпријатија кои се регистрирани како трговски друштва согласно Законот за трговските друштва и вршат дејности во следните области:
- автомобилска
- електронска,
- машинска,
- метало-преработувачка,
- инжењерски услуги,
- висока технологија,
- роботика,
- софтвер,
- автоматизација на сервиси,
- телекомуникации,
- производство на финални други продукти,
- други индустрии

Следните области не се предмет на доделување средства согласно шемата на помош уредена со овој закон:
- земјоделие,
- рударство,
- челична индустрија,
- винарска индустрија,
- преработувачка (текстилна),
- образовна.

Член 13

Со програмата ќе се финансираат следните активности кои ќе се реализираат согласно со условите, лимитите и оправданите трошоци пропишани со Уредбата за  хоризонтална помош:

- проекти за истражување и развој;
- физибилити студии;
- за мали и средни претпријатија за трошоци за патенти и други права од индустриска сопственост;
- нови иновативни претпријатија;
- процесна и организациска иновација на услуги;
- советодавни услуги и услуги за иновативна поддршка;
- заем на високо квалификуван персонал;
- иновативни кластери.

Трошоците од ставот 2 на овој член кои се сметаат за оправдани се:

- персонални трошоци (истражувачи, техничари и друг персонал за поддршка до одреден степен вработени на проектот),
- трошоци за инструменти и опрема до одреден степен и за времетраење на проектот,
- трошоци за градење и земјиште до одреден степен и за времетраење на проектот,
- трошоци за договорно истражување, техничко знаење или патенти купени или лиценцирани од надворешни извори по пазарни цени, како и трошоци за консултантски и еквивалентни услуги што се користат исклучиво за истражувачките активности,
- дополнителни трошоци настанати директно како резултат на проектот и
- други оперативни трошоци, вклучувајќи трошоци за материјал, набавки или слично, настанати директно како резултат на истражувачката активност.

Средствата од ставот 2 на овој член Министерството ги обезбедува само доколку од подносителот на проектот се обезбедени другите средства од вредноста на проектот.

## III.БУЏЕТ, ВРЕМЕТРАЕЊЕ И НАЧИН НА ФУНКЦИОНИРАЊЕ НА ШЕМАТА

### Член 14

Проектите кои се предмет на финансирање согласно шемата уредена со овој закон се финансираат од буџетот на Република Македонија и од средства добиени врз основа на склучени меѓународен договори со меѓународни финансиски организации или билатерални земји- донатори кои се во форма на заем, грант, кредит и сл.

## IV. УСЛОВИ, КРИТЕРИУМИ И ПОСТАПКА НА ДОДЕЛУВАЊЕ СРЕДСТВА

### Член 15

Комисијата ги врши следните работи:

- Изготвува јавен повик за поттикнување на истражување, развој и иновации
- Утврдување на услови и критериуми за избор на проекти кои ќе се финансираат согласно овој закон
- Објавување на јавен повик;
- Евалуација на поднесени проекти од мали и средни претпријатија;
- Одлука за избор на проекти кои ќе се финансираат со средства согласно овој закон;
- Изготвување на Договор за реализација на проект
- Следење и рефундирање на договорените обврски
- Поднесување на извештај на шест месеци до Владата на Република Македонија за реализација на Програмата.

### Член 16

Комисијата објавува квартално, јавни огласи во тековната година за пријавување проекти согласно одредбите од овој закон.

Комисијата е должна да објави јавни огласи на веб страна на Министерството за економија, Министерството за финансии, Министерството за образование и наука, Владата на Република Македонија, и најмалку два дневни весника од кои најмалку во по еден од

весниците што се издаваат на македонски јазик и во весниците што се издаваат на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните кои зборуваат службен јазик различен од македонскиот јазик. Објавата во дневен весник ќе се врши на цела страна.

Врз основа на објавениот јавен повик, евалуацијата ќе се врши од страна на Комисијата по основ на принципот „прв дојден прв услужен" во рок не подолг од 15 дена од денот кога е примено барањето (апликацијата). Комисијата има право да бара од апликантот да ја дополни апликацијата со податоци со цел истата да биде комплетна.

Комисијата донесува одлука за прифаќање или одбивање на поднесениот проект со задолжителен износ на средства кои се доделени за финансирање на истиот.

Член 17

Надзор над спроведување на одредбите на овој закон врши Министерството за економија.

## V.ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 18

Програмата за поттикнување на истражување, развој и иновации ќе се донесе во рок од три месеци од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Член 19

Владата на Република Македонија во рок од еден месец од влегувањето во сила на овој закон ќе ја формира Комисијата за поттикнување на истражување, развој и иновации .

Член 20

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".